**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Бр. 03-3648/1

Скопје 08.07.2014г.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Бул. ВМРО бр.3
1000 Скопје
Република
Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, а во врска со член 20 став 1 алинеја 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14 и 44/14), согласно член 134 став 4 и член 223 став 1 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија", бр.38/05, 110/08 и 51/11), на предлог на в.д. Директорот на Агенцијата, а согласно Заклучокот на Советот на Агенцијата, бр.02-3592/10 од 08.07.2014 година, на 1-та седница одржана на 08.07.2014 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за запирање на поведената прекршочна постапка/постапка за порамнување**

1. СЕ ЗАПИРА поведената прекршочна постапка/постапка за порамнување, против:
   - Трговското радиодифузно друштво „ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ“ ДООЕЛ Скопје, како правно лице претставувано од управителот Ристо Лазаров, одговорно лице во правното лице и
   - Ристо Лазаров, одговорно лице на програмата во правното лице – радиодифузерот, Трговското радиодифузно друштво „ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ“ ДООЕЛ Скопје,

за прекршок предвиден во член 92 став 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а казнив по член 146 став 1 и 2 од истиот закон.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на Извештајот од вонредниот надзор на програмскиот сервис на ТРД ТВ Макпетрол ДООЕЛ Скопје, емитуван во периодот од 13 до 19 јануари 2014 година, бр.10-584/1 од 29.01.2014 година, за констатирано прекршување на член 92 став 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - непочитување на законската обврска за емитување најмалку 8 часа во текот на неделата вокална и/или вокално – инструментална музика на македонски јазик и непочитување на обврските за процентуална распределба на емитуваната музика и за периодот на нејзино емитување, врз основа на Заклучокот бр.02-2846/5 од 21.05.2014 година, а согласно член 46 и член 47 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/06, 59/06, 51/11), поведе прекршочна постапка/постапка за порамнување.

По започнувањето на наведената постапка за порамнување, Собранието на Република Македонија, го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.101/14), со кој се измени член 92 став 4 од тој закон, врз основа на кој кон радиодифузерот е поведена напред наведената прекршочна постапка/постапка за порамнување. Со оглед на наведените измени

на член 92 став 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се констатира дека дејствието на радиодифузерот – ТРД ТВ Макпетрол ДООЕЛ Скопје и неговото одговорно лице на програмата не е прекршок.

Следствено на сето погоре наведено, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, а во врска со член 20 став 1 алинеја 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14 и 44/14), согласно член 134 став 4 и член 223 став 1 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија", бр.38/05, 110/08 и 51/11), на предлог на в.д. Директорот на Агенцијата, согласно Заклучокот на Советот на Агенцијата, бр.02-3592/10 од 08.07.2014 година, на 1- та седница одржана на 08.07.2014 година, одлучи да ја запре поведената прекршочна постапка/постапка за порамнување.

Врз основа на погоре наведеното се донесе заклучок како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател**
**на Советот на Агенцијата,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**